**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**- Секретаријат за законодавство -**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 03-262/1
09. 06. 2021 20___год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Годишен план

# за спречување на корупцијата во Секретаријатот за законодавство за 2021 година

Документот претставува изјава за посветеноста на Секретаријатот за законодавство во спречување на корупцијата и активностите кои ќе бидат преземени за спречување на корупцијата во 2021 година

**Скопје, Јуни 2021 година**

## ВОВЕД

Секретаријатот за законодавство е посветен на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрастност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

Сите вработени се подеднакво посветени преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси да се олесни откривањето на случаите на корупција и обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи.

## 1. АНАЛИЗА ЗА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ЗА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

Секретаријатот за законодавство согласно Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 27/14, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) надлежен е за обезбедување на конзистентноста на правниот систем, усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот на Република Северна Македонија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Во текот на своето редовно работење Секретаријатот за законодавство редовно ги анализира ризичните области во рамки на делокругот на работење и има воспоставено Регистар на ризици кој редовно се ажурира и различни процедури кои ги опфаќаат ризичните области.

Од аспект на корупцијата, а имајќи го во предвид буџетот со кој располага Секретаријатот за законодавство и активностите предвидени во стратешкиот и годишниот план на Секретаријатот за законодавство, ризични области за корупција во рамки на кои редовно се превземаат мерки за намалување и отстранување на ризикот се јавните набавки и вработувањата.

Во Стратешкиот план на Секретаријатот за законодавство е дефинирана Програмата „Стручни правни мислења" која произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2021 година: Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност.

## 2. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ, УСЛОВИТЕ И ФАКТОРИТЕ КОИ ЈА ОВОЗМОЖУВААТ КОРУПЦИЈАТА

Во текот на своето досегашно работење Секретаријатот за законодавство успешно управува со ризикот од појава на корупција. Со оглед на фактот дека Секретаријатот за законодавство не се соочил со проблеми поврзани со корупција, може да се констатира дека ризикот од појава на корупција е максимизиран на минимум. Сепак, ризикот од појава на корупција како можност треба да биде анализирана со цел да се продолжи со доброто, квалитетното и ефикасно работење, што меѓудругото подразбира и борба против корупцијата и судирот на интереси.

Причините кои што би можеле да доведат до корупцијата се всушност остварување на материјална или друга корист и злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената положба на еден или повеќе вработени при спроведување на постапките за јавни набавки или постапките за вработување.

Условите и факторите кои би можеле да овозможат корупција се одредени ситуации и можности при реализирање на постапките за јавни набавки и постапките за вработување кои се спроведуваат од страна на вработените како членови на одделни комисии, односно доколку не се управува добро со постапките за јавни набавки и постапките за вработување би можеле да го зголемат ризикот од корупција. Факторите како релативно мал буџет кој економично се планира и реализира, вклучително и буџетот наменет за постапките за јавни набавки кои се од мала вредност, високата свесност на вработените за совесно работење и нивниот интегритет доведуваат до минимизирање на ризикот за корупција. Освен тоа, Секретаријатот за законодавство има воспоставено контролни механизми за кои се елаборира насловот што следува.

## 3. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ

Со цел воведување на превентивни мерки за зголемување на транспарентноста на јавните набавки и вработувањата и елиминирање на можноста од нивна злоупотреба Секретаријатот за законодавство има воспоставено соодветни алатки и контролни механизми.

Секретаријатот за законодавство постапува согласно Постапката за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 1.000 евра без ДДВ во денарска противвредност во Секретаријатот за законодавство бр. 03-1852/1 од 03.05.2019 година, Постапка за јавна набавка во Секретаријат за законодавство бр. 03-1853/1 од 03.05.2019 година и Постапка за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки во Секретаријат за законодавство 03-699/2 од 08.02.2019 година. Наведените постапки содржат контролни механизми при реализирање на сите активности поврзани со набавките. Постапката за јавна набавка во Секретаријат за законодавство како контролен механизам ја содржи Изјавата за непостоење на судир на интереси која ја потпишуваат секретарот, претседателот и заменик претседателот на комисијата за

јавна набавка и сите сите членови и заменици на членовите на денот на јавно отворање на понудите.

Секретаријатот за законодавство постапува согласно Постапката за вработување на административни државни службеници во Секретаријатот за законодавство бр. 01-4483/13 од 01.12.2017 година.

Секретаријатот за законодавство има донесено и Правилник за спроведување на процедури за прием на укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации бр. 01-4302/1 од 30.06.2016 година.

Во периодот што следува, Секретаријатот за законодавство ќе ги следи и новите законски решенија од областа на корупцијата и ќе постапува соодветно.

## 4. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО СО ОСОБЕН АКЦЕНТ НА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Почитување на човечкиот дигнитет и интегритет е воспоставен принцип на Секретаријатот за законодавство согласно неговиот стратешки план. Согласно годишните планови за обуки на вработените, дел од вработените одбираат или имаат поминато обука за спречување на корупција, дел од вработените се обучени, а за друг дел од нив се планира да се обучат за јавните набавки и судирот на интереси во постапките за јавни набавки, а преку секојдневно извршување на работните задачи големо внимание се посветува и на јакнење на интегритетот на вработените. Во рамки на организационата поставеност на Секретаријатот за законодавство, вработените во Секторот за политички систем меѓудругите работни задачи, даваат и стручни правни мислења од областа на спречувањето на корупција и судирот на интереси. Секретаријатот за законодавство има назначено лице за прием на пријави доставени заради заштитно внатрешно и надворешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи, истото е објавено на веб страната на Секретаријатот за законодавство, како и лице кое известува за неправилности и сомнежи за измама и корупција и лице за координирање на процесот на воспоставување на процесот за управување со ризици согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

## 5. НАВРЕМЕНО ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ДАВАЊЕ НА СТРУЧНИ ПРАВНИ МИСЛЕЊА

Една од досега препознаените силни страни на Секретаријатот за законодавство е навременоста во постапувањето при давање на стручни правни мислења. Предметите се изготвуваат во редовните рокови, а многу често и пред крајниот рок за давање на стручно мислење, поради тоа што го налага работењето и временскиот карактер на одржување на седниците на комисиите, генералниот колегиум и Владата на Република Северна Македонија. Од аспект на навременоста во постапувањето при давање на стручни правни мислења сите ризици за корупција се исклучени. Секретаријатот за законодавство постапува по Упатството за начинот на движење, следење и процесуирање на документите кои се оформени како предмети во рамки на Секретаријатот за законодавство бр. 03-2596/1 од 19.05.2009 година.

## 6. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ, КОДЕКСОТ ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ВЛАДАТА И НОСИТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ ИМЕНУВАНИ ОД СТРАНА НА ВЛАДАТА КАКО И КОДЕКСОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Во Секретаријатот за законодавство е воспоставена добра пракса на почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на владата и носителите на јавни функции именувани од страна на владата како и Кодексот за административни службеници. При самото вработување на новите вработени им се врачува Кодексот за административни службеници, а раководните службеници имаат положено испит за административно управување кој како област го опфаќа и Кодексот за административни службеници. Професионалноста на вработените е на високо ниво, со оглед на тоа што нивното однесување не покажало дисциплински неуредности, ниту престапи.

## 7. ЗАЈАКНАТА КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Освен погореспомнатите три постапки од областа на набавките, Секретаријатот за законодавство во процесот на плаќање има воспоставено Постапка за вршење на безготовинско плаќање бр. 01-4483/14 од 01.12.2017 година со посебни контролни листи за плаќања поврзани со јавните набавки.

Секретаријатот за законодавство редовно постапува и по Постапката за ex-post контрола бр. 01-4483/15 од 01.12.2017 година заради утврдување на евентуални неправилности во работењето и плаќањата поврзани со постапките за јавни набавки кои би се пријавиле до лицето за неправилности во Секретаријатот за законодавство.

## 8. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

Пристап до реализацијата на јавните средства обезбедени во буџетот на Секретаријатот за законодавство е достапен на следната веб адреса со пребарување по институции: https://open.finance.gov.mk.

На веб страницата на Секретаријатот за законодавство http://www.sz.gov.mk.се обезбедени следните податоци:

- Буџет на Секретаријатот за законодавство
- Годишна сметка
- План за јавни набавки
- Стратешки план на Секретаријатот за законодавство
- Годишен план за работа на Секретаријатот за законодавство
- Стратегија за управување со ризици на Секретаријатот за законодавство
- Транспарентност и отчетност за месечни трошоци на секретарот
- Тековни огласи
- Контакт за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитно внатрешно и надворешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи
- Контакт за овластено лице за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## 9. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

Заради спречување на корупцијата и судирот на интереси, Секретаријатот за законодавство ќе ги преземе следните активности:

9.1. Воспостави пропорционални мерки за спречување на корупцијата и судирот на интереси врз основа на детална проценка на ризикот, заради што на вработените минимум еднаш на две години ќе им се обезбеди обука за начинот на спречување на корупцијата и судирот на интереси.

9.2. Веднаш ќе ги разгледува сите случаи за сомневање за корупцијата и судирот на интереси или вистински настаната корупција и судир на интереси со цел подобрување на системот на внатрешни контроли.

9.3. Ќе спроведува политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и ќе воспостави јак систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупцијата и судирот на интереси, до најголем можен степен, како и за намалување на нивниот ефект, доколку се случат.

9.4. Во декември 2021 година ќе се подготви Годишен план за спречување на корупцијата за 2022 година, кој ќе содржи и извештај за реализацијата на активностите од годишниот план за 2021 година, врз основа на претходно направена анализа за неговото спроведување.

**Секретаријат за законодавство**

**Секретар**

**Лила Пејчиновска Миладиновска**